бб. бр 1429/2026

[redacted]

[redacted]

ДАТУМ March 31[redacted]026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 02-04-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 50 | | |

ДО

## ОПШТИНА БИТОЛА
**Адреса: „Улица1 ви Мај бр.61“**

**За Градоначалникот**

**ПРЕДМЕТ: Барње за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** ("Службен Весник на Република Македонија бр. 13 / 01.02.2006 година и измените од 14.07.2008 година, 15.01.2010 година и 03.03.2014 година), Друштвото за процена и консултантски услуги "Прима Тим ДОО Охрид" ги бара следните информации од јавен карактер:

1. Број на издадени одобрениа за градба во 2025 година по тип на објект и тоа:
   -А 1-1;
   -А 2-1;
   -А 2-2 ;
   -Б 5 ;
   -Г 2 ;
   -Г 1;
   -Б 5-2;
   -Б 5-1

2. Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени гласници каде се предвидени зоните за град Битола и останатите катастарски општини под Општина Битола за процена на недвижен имот;

3. Просечни цени од $м^2$ на продадено на земјоделско земјиште во 2025 год, по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Битола и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Битола за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експропирано земјоделско земјиште на подрачјето на Општината согласно со прописите за експропријација;

4. Важечки цени за градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште и земјоделско земјиште(за цела територија на Општина Битола) по кои даночното одделение ги премсетува пазарните вредности на земјиштата при пресметка на данок на промет со недвижности и пресметка на данок на недвижен имот.

Информациите ги барараме согласно Законот за процена (Службен весник на Република Македонија РМ бр.115/10, 158/11, 185/11 , 64/12 , 188/14, 104/15, 153/15 192/15 и 30/16), според кој процена можат да вршат лиценцирани фирми со проценители кои имаат добиено соодветни уверенија за поедини области (недвижен имот, транспортни средства и машини и опрема).

Согласно наведеното, овие податоци се од основно значење за работата на друштвото и за Општината, односно за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Ве молиме информациите кои се донесени со Одлука на Советот на Општина Битола да ни ги доставите во писмена форма и електронски запис-преку е-пошта.

Барател на информацијата:

[redacted]

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА СОРАБОТКАТА!**

Со почит,

[redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Сектор за финансиски прашања

Бр.11-50/2
03.04.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-50/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
03.04.2026

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за спроведување
на урбанистички планови

Бр.11-50/3
03.04.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-50/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Ирина

07.04.2026

за Изабела

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
08. 04. 2026
Број: 11 50/4
Прилог: Вредност:

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

Бр.30-сл од 08.04.2026 год. - Битола

До:
Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска : Ваш број 11-50/3 од 03.04.2026 година

Врз основа на Ваше барање заведено под горенаведениот број и дата, а кое конретно се однесува на прашање број 1, Ве известуваме за следната бројка на Одобренија за градење издадени во 2025 година по типови на објекти и тоа:

1. А1-1 – издадени се 50 одобренија за градење
2. А2-1 – 1 одобрение за градење
3. А2-2 - нема
4. Б 5 – 1 одобрение за градење
5. Г 2 – 3 одобренија за градење
6. Г1 - нема
7. Б5-2 – нема и
8. Б5-1 - нема

Со почит,

Изготвил:
Изабела Аговска Ѓоревска

Раководител

Христијан Атанасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА II

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 21. 04. 2026

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност. |
|---|---|---|---|
| 11 | 50/5 | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за администрирање на приходи

Дата : 21.04.2026
Битола

До:
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Марија Атансовска

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис за важечките цени за градежно неизградено и градежно изградено земјиште и за земјоделско земјиште на територијата на Општина Битола Ве известуваме дека истите се објавени во службен гласник бр. 19 од 2025 година на официјлната страна на нашата општина.

Со почит,

Изработил,
Каркамишева Александра

*в.д. Раководител на Одделение за администрирање приходи*

*Стефани Н. Димовска*

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 323 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 25. 02. 2026

| Орг. Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 11 | 2913 | | |


**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за буџетска координација

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-29/2 од 20.02.2026 година Ве известуваме дека бараните податоци се објавени во Службен гласник на Општина Битола, Во прилог Ви доставуваме линк за полесен пристап до истиот:

https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2026/01/Sluzben-vesnik_19_23.01.2026.pdf

Битола,
25.02.2026г.

Раководител на одделение
за буџетска координација
Стефани Н. Димовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-50/6
16.04.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **02.04.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-50** од **02.04.2025 година**, каде бара информации за број на издадени одобрениа за градба во 2025 година, електоронски запис(мапа) за важчки службени гласници каде се предвидени зоните за град Битола и процена на недвижен имот, просечни цени од м2 на продадено земјоделско земјиште 2025 година, цени за градежно неизградено и градежно изградено зејиште и земјоделско земјиште при пресметка на данок на промет со недвижности и пресметка на данок за недвижен имот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-50 на ден 02.04.2026 година. Во барањето наведе дека бара информации за број на издадени одобрениа за градба во 2025 година, електорнски запис(мапа) за важчки службени гласници каде се предвидени зоните за град Битола и процена на недвижен имот,просечни цени од м2 на продадено земјоделско земјиште 2025 година, цени за градежно неизградено и градежно изградено зејиште и земјоделско земјиште при пресметка на данок на промет со недвижности и пресметка на данок за недвижен имот.

Имателот на информацијата постапил согласно член член 23 од Законот за пристап на информации од јавен карактер каде што е утврдено дека, веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеца пред денот на приемот на новото барање.

Врз основа на член 24 став (3) и став (4) од Законот за пристап на информации од јавен карактер утврдено е дека барателот на информацијата постапил спротивно на одредбите од став (3) од горенаведениот член односно барателот не го доставил примениот позитивен одговорот за второто прашање и третото прашање, а согласно став (4) од истиот член барателот на информацијата не го запазил законскиот рок од десет дена за поднесување на ново барање по приемот на повторното барање кај имателот на информацијата.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-50/1 од 02.04.2026 год.
2.Допис до сектор за финасии со бр. 11-50/2 од 03.04.2026 год.
3.Допис до одделение за спроведување на урбанистички планови со бр.11-50/3 од 03.04.2026год.
4.Одговор до одделение за спроведување на урбанистички планови со бр.11-50/4 од 08.04.2026год.
5.Одговор од сектор за финасии со бр.11-50/5 од 21.04.2026год.
6. Одговор од предходно барање со бр.11-29/3 од 25.02.2026год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 21.04.2026 година, под бр. 11-50/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
**-----------------------------**